**20240170412**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот градење,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 јануари 2025 година.

Бр. 08-398/1
22 јануари 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 1

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20, 279/20, 91/21, 227/22, 111/23, 115/23, 224/24, 255/24 и 3/25), во член 15 во ставот (2) зборовите: „во натамошниот текст Централниот регистар“ се заменуваат со зборовите: „во натамошниот текст: Централниот регистар“.

Член 2

Во член 38 во ставот (7) зборовите: „Централниот регистар на Република Северна Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Централниот регистар“.

Член 3

Вработените, опремата, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа, побарувањата и намирувањето на обврските, како и другите средства од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам се преземаат во Министерството за транспорт, најдоцна во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.